ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

*Број: 02 - __________*
*_______ 2016 година*
*С к о п ј е*

**ЗАПИСНИК**
**од CCV-та седница на Управниот одбор на**
**Фондот за здравствено осигурување на Македонија,**
*одржана на 17 август 2016 година со почеток во 12.00 часот во просториите на Фондот за здравствено осигурување на Македонија*

**Присутни членови на Управниот одбор:**

- *Елена Трпковска, претставник од Министерството за финансии - претседател;*
- *Ангел Митевски, претставник од Министерството за здравство - заменик на претседателот;*
- *Д-р Љубиша Каранфиловски, претставник од Сојузот на синдикатите на Македонија - член;*
- *Проф. Д-р Бистра Ангеловска, претставник од Лекарската, Фармацевтската и Стоматолошката комора на Македонија - член;*
- *Д-р Ненад Гавриловиќ, претставник на осигурениците – член;*
- *Д-р Тања Дејаноска, претставник на стопанствениците во Република Македонија – член.*

**Отсутни членови на Управниот одбор:**

- *Прим. М-р Д-р Илија Глигоров, претставник на пензионерите во Република Македонија – член.*

**Присутни од ФЗОМ:**

- *Д-р Сашо Стефаноски, директор на ФЗОМ;*
- *Орхан Рамадани, директор на ФЗОМ;*
- *Бранислава Катушевска, раководител на одделението за буџетска координација, преговарање и договарање (делумно присутна);*
- *Христо Трповски, раководител на одделението за регрес и судски постапки, во својство на записничар.*

*Седницата ја водеше претседателката на Управниот одбор Елена Трпковска. На почетокот утврди дека се присутни шест членови на Управниот одбор со што условите за полноважно работење и одлучување се исполнети по што го прочита претходно доставениот*

*П Р Е Д Л О Г - Д Н Е В Е Н  Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од 202, 203 и 204 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
2. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита;*
3. *Предлог за донесување на Правилник за висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигурување на Македонија;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*
5. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година;*
6. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година;*
7. *Разно.*

*Потоа наведе дека за точката 3 - Предлог за донесување на Правилник за висината на платите на работниците во Фондот за здравствено осигирување на Македонија не бил доставен материјал, па по консултација со директорите констатира дека нема услови за разгледување на таа точка на денешната седница. По ова, Управниот одбор за работата на CCV-та седница едногласно го усвои следниот*

*Д Н Е В Е Н Р Е Д*

- *Усвојување на записниците од 202, 203 и 204 седница на Управниот одбор*

1. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала;*
2. *Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита;*
3. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година;*
4. *Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година;*
5. *Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година;*
6. *Разно.*

*Потоа се пристапи кон разгледување на точките на дневниот ред по редоследот како што е тоа забележано во овој записник.*

- *Усвојување на записниците од 202, 203 и 204 седница на Управниот одбор,*

*Управниот одбор без забелешки, едногласно ги усвои записниците од 202-та седница одржана на 21 јули 2016, 203-та одржана од 5 до 9 август 2016 и од 204-та седница одржана од 12 до 13 август 2016 година.*

*ТОЧКА 1 - Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала*

*Во рамките на првата точка на дневниот ред се разгледа предлог правилникот за кој на претходната седница без одржување на состанок не гласаа сите членови. Елена*

*Трпковска наведе дека на таа седница не гласала затоа што не била убедена во потребата од итно донесување на правилникот без да се даде пошироко објаснување на предлогот.*

*Директорот Стефаноски наведе дека со измената на правилникот односно со воведувањето на јавниот повик за склучување на договори и анекси на договорите со правните лица (ортопедски куќи и аптеки) се внесува транспарентност. Покрај тоа, ќе се ограничи и финансиската изложеност на Фондот бидејќи преку повикот Фондот ќе има подобра контрола на помагалата кои ги бара за осигурениците. Додаде и дека заради избегнување на какви било недоразбирања и злоупотреби, Фондот ќе бара заинтересираните понудувачи на помагала да поднесат и мостра – примерок од помагалото.*

*Елена Трпковска наведе оти смета дека и досега имало транспарентност во обезбедувањето на помагалата и дека стравува од зголемување на бирократизираноста на постапката.*

*Во продолжение дискутираа сите членови на Управниот одбор како и директорите Стефаноски и Рамадани.*

*Потоа предлогот беше ставен на гласање. „За“ гласаа Ангел Митевски, Љубиша Каранфиловски, Ненад Гавриловиќ, Тања Дејаноска и Бистра Ангеловска, додека Елена Трпковска беше воздржана.*

*На тој начин, Управниот одбор со мнозинство на гласови го донесе предложениот*

*Правилник*
***за изменување и дополнување на Правилникот за индикациите за остварување на право на ортопедски и други помагала***

*ТОЧКА 2 - Предлог за донесување на Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита*

*Образложение по втората точка на дневниот ред даде директорот Рамадани. Наведе дека согласно важечкиот правилник прераспределба во текот на годината се врши според скала која е базирана врз процентуалната реализација на аптеката, односно квотата се менува процентуално нагоре или надолу. Со предложената измена, прераспределбата на квотите би се реализарала на начин што намалувањето би останало како што е и до сега, но зголемувањето би било линеарно, односно сите*

*аптеки што имаат рализација над 90% би добиле еднакво зголемување во апсолутен износ. Износот на зголемувањето ќе зависи од ослободените средства од аптеките на кои им е намалена квотата или од евентуалните дополнителни расположливи средства со кои ќе располага ФЗОМ. Покрај тоа се воведува минимална квота на ниво од 50 илјади денари, што е почетна квота за аптекарските станици и подвижните аптеки што работат во помалку населени места.*

*Директорот Стефаноски додаде дека Со овие измени на правилникот ќе се обезбедат повисоки квоти пред се за помалите аптеки и кои се оддалечени од централните градски подрачја, со што значајно ќе се подобри достапноста на лековите во овие населени места. Имено, по големиот број на нови субјекти од 2015 година во оддалечените места, аптеките се соочија со помал обем на работа пред се поради навиките и незнаењето на населението дека во своето место можат да подигнат лек на рецепт. Според тоа, согласно правилникот беа намалени и така веќе ниските квоти на овие аптеки. Поради се поголемата реализација кај значен дел од овие аптеки, на следната прераспределба е потребно зголемување на квотите. Согласно важечкиот правилник, зголемувањето од 10% што треба да го добијат е незначително (од 3 до 10 илјади денари) и нема да задоволи ниту дел од се поголемата побарувачка поради што осигурениците повторно ќе бидат приморани да патуваат за да обезбедат лекови. Од друга страна доколку истите средства се распределат линеарно наместо процентуално, секоја аптека би добила зголемување по 20 - 30 илјади денари, во зависност од вкупната рализација на квотите.*

*Поа објаснувањето и дискусијата на членовите која следуваше, Управниот одбор едногласно го донесе предложениот*

***Правилник***
***за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите за склучување на договори, утврдување на постапка за определување на месечниот износ на средствата и начинот на плаќање на здравствените услуги на здравствените установи кои вршат обезбедување на осигурените лица со лекови на рецепт од листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот во примарната здравствена заштита***

*ТОЧКА 3 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од обласа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година*

*Во рамките на оваа точка од дневниот ред, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно донесе*

*Одлука*
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи за обезбедени услуги од областа на специјалистичко – консултативната здравствена заштита за 2016 година***

*со која поради престанување на важноста на договорот со Фондот беше намален договорниот надоместок на една здравствена установа.*

*ТОЧКА 4 - Предлог за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година*

*И во рамките на оваа точка од дневниот ред, поради престанување на важноста на договорот со Фондот, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно донесе*

*Одлука*
***за изменување на Одлуката за утврдување на висината на вкупниот договорен надоместок на здравствените установи кои вршат специјалистичко – консултативна стоматолошка здравствена заштита од дејностите орална хирургија, ортодонција и протетика за 2016 година***

*со која беше намален договорниот надоместок на една здравствена установа.*

*ТОЧКА 5 - Предлог за донесување на Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година*

*Во рамките на петата точка од дневниот ред, Управниот одбор врз основа на предлогот содржан во работните материјали за седницата, без дискусија едногласно донесе*

*Одлука*
***за изменување и дополнување на Одлуката за определување на месечниот износ на средства кој здравствените установи што вршат обезбедување на осигурените лица со лекови кои се пропишуваат на рецепт во примарната здравствена заштита, може да го добијат за издадени лекови на рецепт од Листата на лекови на товар на Фондот во 2016 година***

*со која се утврди месечниот износ на средства за две аптеки кои склучиле договор со Фондот.*

*По донесувањето на одлуката од точката 5, бидејќи не беа дадени предлози за разгледување под точката 6 – Разно, дневниот ред беше исцрпен и Управниот одбор во 14.00 часот заврши со работата на  CCV-та седница.*

| | |
|---|---|
| ***Записничар,*** | ***Управен одбор*** |
| ***Христо Трповски*** | ***Заменик на претседателот,*** |
| | ***Ангел Митевски*** |

*Согласен, директор:*
*Д-р Сашо Стефаноски*
*Орхан Рамадани Orhan Ramadani*